// СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
// *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 28 Декември 2009 година<br>Службен гласник број 18<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000208779<br>ЕДБ 4021996117695 |

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2010 ГОДИНА**

1. Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2010 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 -3317/2
28.12.2009 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на Р.М." бр.5/2002) и член 26, точка 4 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005 ), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 25.12.2009 година, донесе:

***О Д Л У К А***
**за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2010 година**

**Член 1**

Буџетот на Општина - Прилеп за 2010 година (во понатамошниот текст Буџет), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 3**

Износите на приходите наведени во Буџетот за 2010 година не се фиксно определени.

Промените во Буџетот треба да бидат во рамките на вкупниот износ на утврдените приходи.

Доколку во текот на годината планираните приходи, освен изворните приходи се остварат во поголем износ од планираниот истите ќе се прераспределат и ќе се користат во согласност со донесените измени и дополнувања на Буџетот за 2010 година донесени од страна на Советот на Општина Прилеп.

**Член 4**

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои не можат да се преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски мора да се предложи нов извор на средства или да се намалат другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Прераспределбата на планираните расходи во текот на фискалната година ја врши Советот на Општина Прилеп, во рамките на вкупно утврдениот лимит на приходите во буџетот.

Утврдените износи во Буџетот на корисникот може да бидат прераспоредени помеѓу расходни категории, поткатегории, ставки и потставки, со исклучок на расходните ставки и тоа: прераспределбата меѓу капитални расходи и капитални трансфери.

**Член 6**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, и согласно закон.

- Вредноста на коефициентот за исплата на плата на Градоначалникот се утврдува на ниво од 3,40. Појдовна основа за 1(единица ) коефициент изнесува 26.229,оо ден.
- Месечниот надоместок на членовите на Советот на Општина Прилеп за присуство на седници на Советот на Општина Прилеп се утврдува на износ од 84% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена во претходната година.
- На Претседателот на Советот на Општина Прилеп за раководење и организирање на работата на Советот се зголемува за 30% од утврдениот надоместок што го примаат останатите советници.
- За државните службеници вредноста на бодот се утврдува на ниво од 75.30 денари.
- Вредноста на коефициентот за исплата на плати за вработените согласно одредбите на Законот за работни односи се утврдува во висина од 8.242,оо денари.

**Член 7**

На Градоначалникот му се определува регрес за годишен одмор во висина од 60% од просечната исплатена месечна нето плата по вработен согласно Законот за исплата на платите во РМ.

На вработените во Општинската администрација му се определува регрес за годишен одмор во висина од 60% од просечната исплатена месечна нето плата по вработен согласно Законот за исплата на платите во РМ

На вработените во ТППЕ Прилеп му се определува регрес за годишен одмор во висина од 60% од просечната исплатена месечна плата по вработенсогласно Законот за исплата на платите во РМ.

**Член 8**

Надоместокот за превоз до и од работно место, по претходно дадена писмена изјава, се исплатува само за вработените чие место на живеење е оддалечено над 2,5км од работното место во висина на цената на јавниот превоз,односно во висина од стварните трошоци во јавниот сообраќај.

На вработените на кои врз основа на официјално одобрение им е дозволено да користат службени возила за личен превоз до и од работното место не им следува надоместок за превоз.

**Член 9**

За деновите кога вработениот е на службен пат, боледување, годишен одмор или отсуство од работа по друг основ , надоместокот за превоз не се исплатуваат.

**Член 10**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита од елементарни непогоди, и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

Надоместокот за отпремнина за пензионирање во општината и локалната јавна установа се исплаќа врз основа на чл.9 ст.1 алинеа 2 и ст.2 од Законот за исплата на платите.

Употребата на Буџетската резерва ја одобрува Градоначалникот на Општина Прилеп.

**Член 11**

Средствата за стоки и услуги потребни за вршење на редовните функции на корисниците на Буџетот се набавуваат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги се врши и со сметкопотврди, но само во ограничени поединечни износи во противвредност од **500 ЕУР** каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 12**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во програмите и потпрограмите:

**-Програма А0- Совет на Општина**

Потпрограма- А00- Совет на Општина

**- Програма Д0 - Градоначалник**

Потпрограма Д00- Градоначалник

**- Програма Е0 - Општинска администрација**

Потпрограма Е00- Општинска администрација

**- Програма- Ф1-Урбанистичко планирање и уредување на просторот**

Потпрограма Ф10 -урбанистичко планирање

**- Програма Г1-Локален кономски развој**

Потпрограма Г10-Подршка на локалниот економски развој

**- Програма: Ј3 - Јавно осветлување**

Потпрограма Ј30 - јавно осветлување

**-Програма Ј4 - Јавна чистота**

-Потпрограма Ј40 -Јавна Чистота

**- Програма- Ј6 - Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќајот**

Потпрограма-Ј60- одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај.

**- Програма- Ј8 - Други комунални услуги**

Потпрограма-Ј80- други комунални услуги

**- Програма-ЈА - Изградба на јавно осветлување**

Потпрограма-ЈА0- изградба на јавно осветлување

**- Програма - ЈД -Изградба и реконструкција на локални патишта и улици.**

Потпрограма- ЈД0 –изградба и реконструкција на локални патишта и улици

Потпрограма- ЈДА-изградба и реконструкција на локални патишта и улици

**- Програма - ЈГ -Изградба на системи за водоснабдување**

Потпрограма- ЈГ0-изградба на системи за водоснабдување

Потпрограма- ЈГА-изградба на водоснабдителни системи во населени места на Општина Прилеп.

Потпрограма-ЈГБ-Дополнување на системот „Студенчица"

**- Програма- ЈИ - Изградба на системи за одведување и пречисту-вање на отпадни води.**

Потпрограма-ЈИ0-изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води

Потпрограма-ЈИА- Регулација на речното корито на Градска река

Потпрограма ЈИБ -Изградба на ситеми за одведување и прочистување на отпадни води

**-Програма ЈЛ- Други комунални услуги (Капитални расходи)**

Потпрограма ЈЛ0 - Други комунални услуги (Капитални расходи)

Потпрограма ЈЛА -Проект за гасификација на град Прилеп

Потпрограма ЈЛБ - Изградба на потпорни ѕидови

**-Програма ЈН -Урбана опрема (Капитални расходи)**

-Потпрограма ЈН0- Урбана опрема (Капитални расходи)

**- Програма К1 -Култура**

Потпрограма К10 -Библиотекарство

**-Програма К4- Културни манифестации и творештво**

Потпрограма К40-Културни манифестации и творештво

**- Програма- ЛА- Спорт и Рекреација (капитални расходи)**

Потпрограма- ЛА0- Спорт и Рекреација (капитални расходи)

**- Програма Н1 -Основно образование**

Потпрограма Н10 -Основно образование

**-Програма –Н2 -Средно образование**

Потпрограма - Н20- Средно образование

**- Програма- В1- Детски градинки**

Потпрограма -В10-Детски градинки

**- Програма- В2- Домови за стари лица**

Потпрограма-В20-Домови за стари лица

**- Програма Њ0-Противпожарна заштита**

Потпрограма Њ00 -Противпожарна заштита.

**Член 13**

Буџетот на Општина Прилеп се извршува од 01.01.2010 до 31.12.2010 година.

**Член 14**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп", а ќе се применува од 01 Јануари 2010 година.

| | |
|---|---|
| Број 07- 3300/3 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 25.12.2009 год. | на Советот на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Димитар Стевананџија |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИОТ КАЛЕНДАР ЗА 2010 ГОДИНА**

1. Буџетскиот календар за 2010 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08 -3317/3 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 28.12.2009 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Марјан Ристески |

## ***БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР ЗА 2010 година***

| МОЖЕН ДАТУМ | БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ - ОДГОВОРНОСТ |
|---|---|
| декември 2009 | Советот на Општината го донесува буџетскиот календар за 2010 година со рокови и носители на активности |
| април | Министерот за финансии доставува до Владата на Република Македонија Фискална стратегија на РМ за наредните три години |
| април | Советот на Општината разгледува развојни документи, вклучително и фискална стратегија |
| септември | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со образложение за потребните средства до општинските буџетски корисници |
| октомври | Општинските буџетски корисници ги доставуваат предлог-пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции |
| октомври | Одделот за буџет врши преговарање и анализирање на доставените предлог-пресметки и ги одредува приоритетите и одредбите за новиот Предлог-буџет |
| октомври | Разгледување на нови барања и предлози по кои одлучува и дава насоки Градоначалникот |
| 15 октомври | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар со насоки за изготвување на Предлог-буџетот за наредната година |
| ноември | Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог-буџетот подготвен од страна на финансискиот оддел на општината |
| ноември | а. Предлог-буџетот се доставува до Советот на Општината<br>б. Се објавува содржината на Предлог-буџетот и се дава достапност на јавноста |
| декември | До Советот се доставува конечен Предлог-буџет од страна на Градоначалникот |
| декември | Се води расправа во телата на Советот на Општината |
| крај на декември | Седница на Советот на Општината за донесување на Буџетот за наредната буџетска година |
| јануари | Започнува новата буџетска година |

Број 07- 3300/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2009 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

### З А К Л У Ч О К
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТКАЖУВАЊЕ ОД ПРАВОТО НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНО НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ ВО КО ПРИЛЕП ЗА КП БР. 15381/1

1. Одлуката за откажување од правото на трајно користење на градежно неизградено земјиште во КО Прилеп за КП бр. 15381/1, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 -3317/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член член 34 став 1 од Законот за градежното земјиште ("Службенвесник на РМ" бр. 53/2001), 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службенвесник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на ден, 25.12.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за откажување од правото на трајно користење на градежно неизградено земјиште во К.О. Прилеп за КП бр.15381/1

Член 1

Заради реализација на Детален урбанистички план за УАЕ 12 - дел, за градежна парцела бр. 131 на улица "Моша Пијаде" бр. 239, донесен со Одлука број 07 - 895/1 од 17.07.1998 година, Општина Прилеп се откажува од правото на трајно користење - долготраен закуп на градежно неизградено земјиште од КП бр. 15381/1, заведено во Имотен лист 32570 бр. 1105-11957/2 од 02.12.2009 година, во сопственост на РМ, корисник Локална самоуправа Општина Прилеп, заради постапување по Барањето за откуп на дел од КП 15381/1 - односно КП 15381/6 - 42 м2, според Геодетски Елаборат Бр.1110 - 216/1 од 22.06.2009 год. од "Геонет" доо Прилеп. .

Член 2

Престанувањето на правото на трајно користење - долготраен закуп ќе се запише во јавните книги и ќе произведува правно дејство од денот на запишувањето.

Член 3

Оваа Одлука да се достави до Министерството за финансии - Одделение за имотно-правни работи - Прилеп, РГУ - Одделение за премер и катастар - Прилеп, Секторот за урбанизам,Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 3300/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2009 г. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА МЕЃУ ОПШТИНА ПРИЛЕП И ОПШТИНА КРУШЕВО ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ ОД НАДЛЕЖНОСТ НА УРБАНИСТИЧКАТА ИНСПЕКЦИЈА И ИНСПЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

1. Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Прилеп и Општина Крушево за извршување на работите од надлежност на Урбанистичката инспекција и Инспекцијата за заштита на животната средина, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 -3317/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 4 став 3 и член 7 став 1 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/2009) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008), а по доставениот Предлог од општина Крушево за воспоставување на меѓуопштинска соработка бр.07-1160/5 од 30.10.2009 година, Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 25.12.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу општина Прилеп и општина Крушево за извршување на работите од надлежност на Урбанистичката инспекција и Инспекцијата за заштита на животната средина**

Член 1

Со оваа одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка меѓу општина Прилеп и општина Крушево.

Член 2

Меѓуопштинската соработка опфаќа извршување на работите од надлежност на урбанистичката инспекција и инспекција за заштита на животната средина, од страна на општина Прилеп, а за сметка на општина Крушево.

Член 3

Меѓуопштинската соработка ќе се остварува преку склучување на Договор за вршење на определени работи од страна на општина Прилеп, за сметка на општина Крушево врз основа на член 9 став 2 алинеја 2 од Законот за меѓуопштинска соработка.

Член 4

Сите трошоци поврзани со меѓуопштинската соработка, односно трошоците за вршење на надлежноста на урбанистичката инспекција и инспекција за заштита на животната средина на територијата на општина Крушево ќе паднат на товар на општина Крушево.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 3300/6
25.12.2009 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Прилеп
Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРЕДЛОГ-АКТОТ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА МЕЃУ ОПШТИНА ПРИЛЕП И МЕЃУ ОПШТИНА КРУШЕВО**

1.Одлуката за формирање на Комисија за подготовка на Предлог-актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Прилеп и меѓу Општина Крушево, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 -3317/6
28.12.2009 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/2009) и член 26 став 1 точка 45 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 25.12.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за формирање на Комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу општина Прилеп и општина Крушево**

1. Се формира Комисија за подготовка на предлог-актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу општина Прилеп и општина Крушево, во состав:
- Мирјана Пепељугоска Гегоска
- Рубин Биноски.

2. Членовите на Комисијата од точка 1 на ова Решение заедно со членовите на Комисијата формирана од Советот на општина Крушево ќе го подготват предлогот на актот за воспоставување меѓуопштинска соработка, врз основа на претходно направена анализа.

3. Мандатот на членовите на Комисијата е до завршувањето на работите за кои е формирана.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

5. Примерок од Решението да се достави до именованите, Градоначалникот и архивата на општина Прилеп.

Број 07 - 3300/7
25.12.2009 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Прилеп
Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НАПРОГРАМАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДЕЈНОСТА ЗА 2010 ГОДИНА СО ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА ЈОУ ГРАДСКА БИБЛИОТЕКА "БОРКА ТАЛЕСКИ"**

1. Решението за усвојување на Програмата за реализација на дејноста за 2010 година со Финансиски план на ЈОУ Градска библиотека "Борка Талески", се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 -3317/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 25.12.2009 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Програмата за реализација на дејноста на ЈОУ Градска библиотека "Борка Талески"-Прилеп за 2010 година со Финансиски план

1. Се усвојува Програмата за реализација на дејноста на ЈОУ Градска библиотека "Борка Талески"- Прилеп за 2010 година со Финансиски план.
2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 3300/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2009 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИК НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈОУ ЗА ДЕЦА ДЕТСКА ГРАДИНКА "НАША ИДНИНА" - ПРИЛЕП**

1. Решението за разрешување и именување претставник на Општина Прилеп во Управниот одбор на ЈОУ за деца Детска градинка "Наша иднина" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 -3317/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 101 став 2, 5 и 7 од Законот за средното образование ("Службен весник на РМ" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006 и 71/2006) и член 26 став 1 точка 45 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 25.12.2009 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за разрешување и именување претставник на ОпштинаПрилеп во Управниот одбор на ЈОУ за деца - Детска градинка "Наша иднина - Прилеп

1. Ѓорѓиоска Емилија се разрешува од претставник на Општина Прилеп во Управниот одбор на ЈОУ за деца - Детска градинка "Наша иднина - Прилеп, именувана со Решение ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 13/2009).

2. За претставник на Општина Прилеп во Управниот одбор на ЈОУ за деца - Детска градинка "Наша иднина - Прилеп, се именува:
- Билјана Јошеска, економски факултет тел. 071 / 452 -041.

3. Решението да се достави до именованите, ЈОУ за деца Детска градинка "Наша иднина - Прилеп, Градоначалникот и Архивата на општина Прилеп.

4. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 3300/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2009 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕИ ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ВС "ПРИЛЕПСКО ПОЛЕ" - ПРИЛЕП**

1. Решението за разрешување и именување на член на Управниот одбор на ВС "Прилепско поле" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 -3317/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 24 од Законот за водостопанствата ("Службен весник на РМ" бр. 85/2003, 95/2005 и 103/2008) и член 26 став 1 точка 45 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 25.12.2009 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за разрешување и именување член на Одборот на корисници на вода на Водостопанство "Прилепско поле" - Прилеп, претставник од регионот на Општина Прилеп

1. Мишко Ристески , се разрешува од член на Одборот на корисник на вода на Водостопанство "Прилепско поле" - Прилеп, претставник од регионот на Општина Прилеп, именуван со Решение ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.11/2008).

2. За член на Одборот на корисници на вода на Водостопанство "Прилепско поле" - Прилеп, претставник од регионот на Општина Прилеп, се именува:

- Киро Филипоски, правен факултет, моб. тел. 077/ - 667 - 338.

3. Решението да се достави до именованите, Градоначалникот и Водостопанство "Прилепско поле" - Прилеп.

4. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 3300/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2009 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стevананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2010 ГОДИНА**

1. Буџетот на Општина Прилеп за 2010 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 -3317/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

## *С О Д Р Ж И Н А*
## *на "Службен гласник на Општина Прилеп"*
## *број 18 од 28.12.2009 година*

1. Одлука за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2010 година. ............................................................................................................................ **Стр. 1**

2. Буџетски календар за 2010 година.................................................. **Стр. 4**

3. Одлука за откажување од правото на трајно користење на градежно неизградено земјиште во КО Прилеп за КП бр. 15381/1. .................................**Стр. 5**

4. Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Прилеп и Општина Крушево за извршување на работите од надлежност на Урбанистичката инспекција и Инспекцијата за заштита на животната средина. ............................................................................................................................ **Стр. 5**

5. Одлука за формирање на Комисија за подготовка на Предлог-актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Прилеп и меѓу Општина Крушево.......................................................................................... **Стр. 6**

6. Решение за усвојување на Програмата за реализација на дејноста за 2010 година со Финансиски план на ЈОУ Градска библиотека "Борка Талески"............. ............................................................................................................................**Стр. 7**

7. Решение за разрешување и именување претставник на Општина Прилеп во Управниот одбор на ЈОУ за деца Детска градинка "Наша иднина" - Прилеп........... ...........................................................................................**Стр. 7**

8.Решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор на ВС "Прилепско поле" - Прилеп. ........................................................................**Стр. 8**

9. Буџет на Општина Прилеп за 2010 година........................................ **Стр. 9**

**Издава: Општина Прилеп. Главен и одговорен уредник: Марјан Ристески – Градоначалник на Општина Прилеп. Дизајн и компјутерска обработка: Горица Чатлеска. Печати: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.**